# ИНФО БИЛТЕН

ФЗОМ

**Фонд за здравствено осигурување на Македонија**

**Инфо билтен издание бр. 10/2011**

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

**Содржина**

1 ПОВИК ЗА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ....................................................... 3
2 ИЗМЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА ....................................................... 7
3 ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛЕКОВИТЕ КОИ МОЖЕ ДА ГИ ПРОПИШУВААТ ЛЕКАРИТЕ ВО ДЕЖУРНАТА СЛУЖБА................................ 9
4 ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛЕКОВИТЕ ЧИИ ОРИГИНАЛНИ ПАКУВАЊА СЕ ДЕЛАТ....................................................... 12
5 ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА – ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАЦИИ 15
6 НОВИ РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ И НОВИ ЗАШТИТЕНИ ИМИЊА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ....................................................... 16
7 ИЗМЕНА И НАДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИТЕ ЦЕНИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ....................................................... 18

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

# 1 ПОВИК ЗА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА

Почитувани,
Согласно измените во Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување и Законот за здравствено осигурување, од први септеми 2011 година, ќе важат нови правила за здравствено осигурување на невработените лица.
Со цел да се одбегнат редиците чекање во Фондот за здравство (доколку сите ја остават оваа обврска од септември), да се оневозможи создавање временски теснец за реализирање на пререгистрирањето, а секако и да се обезбеди континуитет во здравственото осигурување, почнувајќи од **01 јули (петок)** , ги повикуваме сите **привремено невработени лица** , да дојдат да се пререгистрираат во подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ), односно во подрачните служби на Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ), во местото на живеење, согласно приложената табела. Нивното доаѓање е за да извршат промена на основот на осигурување, со потпишување изјава за остварени приходи и презаверка на здравствените легитимации. За таа цел, освен во ФЗОМ, службеници на Фондот, од 1ви јули, во поголемите градови, ќе им бидат на располагање на граѓаните и во просториите на АВРМ ( прикажани во табелата).

**Промената на основот не се однесува на**:

- **Привремено невработените лица додека примаат паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност** од Агенцијата за вработување на Република Македонија.
- Лицата кои стекнуваат својство на осигуреници како **лица кои не остварувале приход во 2010 год,** што го имаат докажано во Фондот со доставена потврда издадена од Управата за јавни приходи (овие лица од **почетокот на 2012** година, повеќе нема да доставуваат потврда и состојба за остварени приходи од УЈП, туку ќе треба да достават само изјава за остварени приходи).
- **Лицата кои веќе се осигурени по друг основ согласно закон.**

Табела на подрачни служби на ФЗОМ и истурени шалтери на Фондот во АВРМ каде што ќе се врши промена на основот на осигурување:

| **Поднесување документација за промена на основот и поднесување барање за ЕЗК во подрачни служби на АВРМ (истурени шалтери на ФЗОМ)** | **Поднесување документација за промена на основот и поднесување барање за ЕЗК во подрачни служби на ФЗОМ** |
|---|---|
| Битола | Берово |
| Гостивар | Крушево |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

| | |
|---|---|
| Кавадарци | Демир Хисар |
| Кичево | Виница |
| Кочани | Валандово |
| Куманово | Македонски Брод |
| Охрид | Пробиштип |
| Прилеп | Кратово |
| Скопје | Свети Николе |
| Струга | Неготино |
| Струмица | Гевгелија |
| Тетово | Дебар |
| Велес | Ресен |
| Штип | Крива Паланка |
| | Радовиш |
| | Делчево |

Согласно законските измени, од постојната група на невработени лица се издвојуваат три подгрупи-категории, за кои важат различни права и обврски. Во прилог следи објаснувањето за секоја од трите категории.

**1. Потребни документи за промена на основот на осигурување кај лицата за кои обврзник од 01.09.2011 година е Министерството за здравство:**

Според член 10-а од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, граѓанин кој не е дефиниран како обврзник за плаќање придонес, може да ги оствари правата од здравствено осигурување:

- **доколку во претходната календарска година остварил приход кој не е поголем од 132.000,00 денари, или**
- **ако во претходната календарска година остварил приход од 132.000,00 денари до 264.000,00 денари, но во изминатите два месеца остварил вкупен приход помал од 22.000,00 денари.**

Невработените лица кои исполнуваат еден од горенаведените критериуми при доаѓањето во ФЗОМ/АВРМ ( истурени шалтери на ФЗОМ) потребно е да понесат:

- **Копија од лична карта**;
- **Здравствена легитимација за себе и за членовите на потесното семејство (сопруг/а и деца до 18 годишна возраст, односно 26 годишна возраст доколку се на редовно школување), и**
- **Извод од матична книга на родени и/или извод од матична книга на венчани за членовите на потесното семејство (сопруг/а и деца до 18 годишна возраст, односно 26 годишна возраст ако се на редовно школување).**

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

На назначените шалтери во ФЗОМ/АВРМ, лицата треба да пополнат **Образец ИОП-1 - ИЗЈАВА за остварени приходи во претходната година и ЗО-1 ОБРАЗЕЦ - барање за промена на основот за осигурување.**

За овие невработени лица, обврзник за пресметка и уплата на придонесот е Министерството за здравство, преку обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија. Тоа значи дека од 01.09.2011 година, за овие лица здравственото осигурување ќе се плаќа од Буџетот на Република Македонија.

Децата со навршени 18 односно 26 години, кои не се на редовно школување, стекнуваат својство на осигурено лице, според член 5 став 1 точка 15 од Законот за здравствено осигурување, односно се издвојуваат како посебни носители на здравственото осигурување. Во изјавата за остварени приходи не влегуваат приходите на нивните родители.

***2. Потребни документи за остварување здравствено осигурување за невработени лица кои во претходната година оствариле приход поголем од 132.000,00 денари (доброволно осигурување – обврзници се лично осигурените лица):***

Ова се лица (категории 1 и 2 во понатамошниот текст) кои се должни придонесот редовно да го плаќаат како би можеле да ги остваруваат правата кои произлегуваат од задолжителното здравствено осигурување.

***Категорија 1 (остварен приход од 132.000,00 денари до 182.000,00 денари)***

*Невработено лице кое во претходната година остварило приход **од 132.000,00 денари до 182.000,00 денари**, а нема друг основ на здравствено осигурување, може да стекне својство на осигурено лице со **доброволно пристапување во задолжителното здравствено осигурување,** согласно член 5 став 2 од Законот за здравствено осигурување, со тоа што самото е обврзник за плаќање придонес за задолжително здравствено осигурување. **Придонесот го плаќа на основица 50% од просечната плата во Републиката објавена во месец јануари во тековната година**.*

***Категорија 2 (остварен приход над 182.000,00 денари)***

*Невработено лице кое во претходната година остварило **приход поголем од 182.000,00 денари**, а нема друг основ на здравствено осигурување, може да стекне својство на осигурено лице со доброволно пристапување во задолжителното здравствено осигурување. Со законот е предвидено самото лице да е обврзник за плаќање придонес за задолжително здравствено осигурување, а **придонесот го***

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

***плаќа на основица 100% од просечната плата во Републиката објавена во месец јануари во тековната година.***

Невработените лица кои доброволно ќе се осигуруваат, односно во претходната календарска година оствариле приход поголем од 132.000,00 денари , потребно е да понесат:

- **Копија од лична карта**;
- **Здравствената легитимација за себе и за членовите на потесното семејство (сопруг/а и деца до 18 годишна возраст, односно 26 годишна возраст ако се на редовно школување), и**
- **Извод од матична книга на родени и/или извод од матична книга на венчаните за членовите на потесното семејство (сопруг/а и деца до 18 годишна возраст, односно 26 годишна возраст ако се на редовно школување).**

На назначените шалтери во ФЗОМ/АВРМ, лицата треба да потпишат **Образец ИОП-2 - ИЗЈАВА за остварени приходи во претходната година и ЗО-1 Образец- барање за промена на основот за осигурување.**

**Напомена: Со поднесување на горенаведените изјави за остварени приходи, осигурениците се кривично и материјално одговорни и за лажни податоци ќе одговараат пред надлежните судски органи во Република Македонија.**

**Во износите, наведени во изјавата, спаѓаат приходите на сите членови на едно семејство, согласно Законот за здравствено осигурување (под членови на семејство се подразбираат сопруг/а и деца до 18 односно 26 годишна возраст доколку се на редовно школување).**

Врз основа на доставената докуменатација, овластениот работник на Фондот **врши презаверка на здравствените легитимации.**

***ПРИХОДИ КОИ НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ИЗЈАВИТЕ ЗА ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ.***

Во изјавата за остварени приходи не влегуваат приходите остварени по основ на:

1) Награди што ги доделуваат меѓународните организации, награди за животни достигнувања во науката, културата и спортот, стипендии и кредити на ученици и студенти што ги доделуваат органите на државната управа и фондации во согласност со закон. Потоа, награди на ученици и студенти за време на задолжителна практична работа и обука, награди на ученици и студенти освоени на натпревари во рамките на образовниот систем, награди на спортисти за постигнати резултати на официјални меѓународни натпревари и стипендии за спортисти;
2) Надоместок на лицата волонтери согласно со Законот за волонтерство;

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

| | |
|---|---|
| 3) | Детски додаток, посебен додаток за дете, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток; |
| 4) | Надоместок во случај на смрт; |
| 5) | Помош за претрпени штети од елементарни непогоди; |
| 6) | Права на парична помош од социјална заштита утврдени согласно со Законот за социјална заштита; |
| 7) | Надоместок за телесно оштетување; |
| 8) | Надоместок на штета по основ на осигурување на живот и имотни осигурувања; |
| 9) | Алиментации и надоместоци на штета по судска одлука и надоместок на штета како последица на несреќа при работа; |
| 10) | Надоместоци по основ на невработеност, обука, преквалификација, доквалификација и практиканство на невработени лица. |

Со поднесување на горенаведените документи во подрачните служби на ФЗОМ и АВРМ, лицата ќе треба да пополнат и **барање за издавање електронска здравствена картичка (ЕЗК)** што може да се подигне на шалтер или да се преземе од web страницата на ФЗОМ.

Проектот електронска здравствена картичка, во прв момент, ќе ја замени функцијата на сините картони.

***ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА УШТЕ ЕДНАШ ГИ ЗАМОЛУВА СИТЕ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ДА СЕ ПРЕРЕГИСТРИРААТ ШТО Е МОЖНО ПОСКОРО.***

*Фондот преку својата инфо линија **080033222** и инфо мејлот*

***info@fzo.org.mk*** *стои на располагање за било какви прашања. Сите обрасци и упатства за пополнувања на истите можете да ги најдете на web страницата на Фондот.*

# 2 ИЗМЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Од 22.07.2011 година стапи на сила измена на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала. По барање на здружението за телесни инвалиди стручните служби од Фондот за здравствено осигурување иницираа измени на Правилникот со цел лицата кои се трајни корисници на ортопедски помагала и кај кои нема можност од подобрување на здравствената состојба, правото да го остварат на полесен начин.

За таа цел направена е измена на член 6, по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи : **“За осигурените лица ,кај кои нема можност за подобрување на здравствената состојба ( ампутации, параплегии, парализа на долни екстремитети, церебрална парализа) за ортопедските помагала и други помагала од став 1 на овој член , потврдата за потреба од ортопедското помагало се заверува по предходно <u>прибавено мислење од</u>**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

**<u>Првостепената лекарска комисија на Фондот само при првото остварување на право</u>".**

Со оваа измена се овозможува да лицата со траен инвалидитет полесно да го остваруваат своето право само со една посета во Лекарската комисија на ФЗОМ се додека имаат потреба од такво помагало .

Правилникот претрпе и неколку технички подобрувања:

- усогласена е шифрата на антидекубиталното перниче полнето со воздух или гел согласно модулското решение. Во списокот и шифрарникот на ортопедски помагала кој е составен дел на Правилникот, делот на ортопедското помагало антидекубитус перниче полнето со воздух или гел – "3214" се заменува со "3216".

- во списокот се внесени цените за уростома,колостома и илеостома, цените на заботехничките и ортодонтските помагала кои не се донесени со одлуката за утврдување на цени за ортопедски помагалатуку со други одлуки.

- Се изврши дополнување и допрецизирање на дијагнозите врз основа на кои се остварува правото на ортопедските помагала во шифрарникот.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

# 3 ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛЕКОВИТЕ КОИ МОЖЕ ДА ГИ ПРОПИШУВААТ ЛЕКАРИТЕ ВО ДЕЖУРНАТА СЛУЖБА

Со **Одлуката за утврдување на лековите кои може да ги пропишуваат лекарите во дежурната служба** бр.02-10378/12 се утврдуваат лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот (Позитивна листа) кои може да ги пропишува на рецепт дежурниот лекар во дежурната служба на здравствениот дом, односно избраниот лекар кој дежура во дежурната служба што ја организира здравствениот дом.

Со донесувањето на оваа Одлука се изврши нејзино усогласување со последните измени на Листата на лекови. Режимот на пропишување и индикациите за лековите од Одлуката се утврдени според Листата на лекови (Позитивна листа).

| АТС код | Генеричко име – INN | ДДД и единица мерка | Начин на примена | Фармацевтска дозажна форма | Јачина | Режим на препишување R/RS/RSS |
|---|---|---|---|---|---|---|
| J01CA04 | Amoxicillin ** | 1 g | O | Kapsuli /Film oblo`eni tableti | CPJ | R |
| J01CA04 | Amoxicillin** | 1g | O | Suspenzija | 250 mg/5 ml | R |
| **Индикации:<br>Инфекции на респираторен систем: синусит, отит, акутни и рецидивантни бронхитиси, бронхопневмонија<br>Генитоуринарни инфекции<br>Инфекции на гастер и дуоденум со Helicobacter pylori | | | | | | |
| J01DB01 | Cefalexin** | 2 g | O | Kapsuli | 250mg | R,D |
| J01DB01 | Cefalexin** | 2 g | O | Kapsuli | 500mg | R,D |
| J01DB01 | Cefalexin** | 2 g | O | Suspenzija | 250mg/5ml | R,D |
| **Индикации:<br>Инфекции на респираторен, уринарен и билијарен тракт<br>Инфекции со причинители кои не реагираат на полусинтетски пеницилини (E.Colli, Haemophilus, Proteus) | | | | | | |
| **АТС код** | **Генеричко име – INN** | **ДДД и единица мерка** | **Начин на примена** | **Фармацевтска дозажна форма** | **Јачина** | **Режим на препишување R/RS/RSS** |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| J01EE03 | Sulfametrole +trimethoprim** | - | O | Tableti | (100+20)mg | R |
| J01EE03 | Sulfametrole +trimethoprim** | - | O | Tableti | (400+80)mg | R |
| J01EE03 | Sulfametrole +trimethoprim** | - | O | Suspenzija | (200mg+40mg)/5ml | R |
| **Индикации:<br>Инфекции на уринарен и респираторен систем<br>Профилакса и лекување на инфекции со Pneumocystis carini кај имуносупримирани пациенти | | | | | | |
| J01MA02 | Ciprofloxacin | 1 g | O | Tableti /Film oblo`eni tableti | 250mg | R |
| J01MA02 | Ciprofloxacin | 1 g | O | Tableti / Film oblo`eni tableti | 500mg | R |
| M01AE03 | Ketoprofen | 0,15 g | O | Tableti /Kapsuli /Film oblo`eni tableti | CPJ | R |
| M01AB05 | Diclofenac | 0,1 g | O | Tableti / Oblo`eni tableti / Kapsuli /Film oblo`eni tableti | CPJ | R |
| G04BD09 | Trospium | 40mg | O | Tableti /Film oblo`eni tableti | 5mg | R |
| N05BA01 | Diazepam | 10 mg | O | Oblo`eni tableti / Tableti | CPJ | R |
| **АТС код** | **Генеричко име – INN** | **ДДД и единица мерка** | **Начин на примена** | **Фармацевтска дозажна форма** | **Јачина** | **Режим на препишување R/RS/RSS** |
| A02BA02 | Ranitidine | 0,3 g | O | Tableti /Film oblo`eni tableti | 150mg | R |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| A02BA02 | Ranitidine | 0,3 g | O | Tableti /Film oblo`eni tableti | 300mg | R |
| A03FA01 | Metoclopramide | 30 mg | O | Tableti | 10 mg | R |
| A03FA01 | Metoclopramide | 30 mg | O | Rastvor za oralna upotreba | 5mg/5ml | R |
| A07AX03 | Nifuroxazide | 0,6 g | O | Kapsuli | 100mg | R |
| A07AX03 | Nifuroxazide | 0,6 g | O | Kapsuli | 200mg | R |
| A07AX03 | Nifuroxazide | 0,6 g | O | Suspenzija | 200mg/5ml | R |
| C03CA01 | Furosemide | 40 mg | O | Tableti | 40 mg | R |
| C03CA01 | Furosemide | 40 mg | O | Tableti | 500 mg | R |
| R03AC02 | Salbutamol | 12 mg | O | Tableti | 2mg | RS |
| R03AC02 | Salbutamol | 0,8 mg | Inh. | Aerosol | 0,1mg/doza | R/RS R-лекот го пропишува избран лекар-специјалист педијатар самостојно |
| R03AC02 | Salbutamol | 10 mg | Inh. | Rastvor za inhalacija | 5mg/ml | R/RS R-лекот го пропишува избран лекар-специјалист педијатар самостојно |
| **АТС код** | **Генеричко име – INN** | **ДДД и единица мерка** | **Начин на примена** | **Фармацевтска дозажна форма** | **Јачина** | **Режим на препишување R/RS/RSS** |
| R03AC02 | Salbutamol | 12 mg | O | Sirup | 2mg/5ml | R/RS R-лекот го пропишува избран лекар-специјалист |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | педијатар самостојно |
| C08CA05 | Nifedipine | 30 mg | O | Tableti / Film oblo`eni tableti /Kapsuli | 10mg | R |
| C01DA02 | Glyceryl trinitrate | 2,5 mg | SL | Lingvaleti | CPJ | R |
| C01DA02 | Glyceryl trinitrate | 5mg | O | Kapsuli | 2,5 mg | R |
| C01DA02 | Glyceryl trinitrate | 2,5 mg | SL | Sublingvalen sprej | CPJ | RSS |
| N02BE01 | Paracetamol | 3 g | O | Tableti | 500mg | R |
| N02BE01 | Paracetamol | 3 g | O | Sirup | 120mg/5ml | R |
| R06AE07 | Cetirizine | 10 mg | O | Film oblo`eni tableti | 10mg | R |
| R06AE07 | Cetirizine | 10 mg | O | Rastvor za oralna upotreba | 1mg/ml | R |
| A07BA01 | Carbo medicinalis | 5 g | O | Tableti / Granuli | CPJ | R |

# 4 ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛЕКОВИТЕ ЧИИ ОРИГИНАЛНИ ПАКУВАЊА СЕ ДЕЛАТ

Со **Одлуката за утврдување на лековите чии оригинални пакувања се делат** бр.02-10378/11 се утврдуваат лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за примарна здравствена заштита со утврдена референтна цена чии оригинални пакувања се делат.

Во договорите на Фондот со ПЗУ ординациите по општа медицина (чл.16), со ПЗУ ординациите по стоматологија (чл.13) и со ПЗУ ординациите по гинекологија (чл.15), наведено е дека на еден рецепт се **пропишува** само едно оригинално пакување на лекот, освен за лековите чии оригинални пакувања се делат односно кои се издаваат на парче, по единица фармацевтска дозажна форма, според списокот на лекови чии оригинални пакувања се делат.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

За овие лекови количината на пропишаниот лек треба да е прецизно наведена на рецептниот образец по единица фармацевтска форма.

Во договорите на Фондот со ПЗУ аптеките (чл.11) наведено е дека на еден рецепт се **издава** само едно оригинално пакување на лекот, освен за лековите кои се издаваат на парче, односно по единица фармацевтска дозажна форма, според списокот на лекови чии оригинални пакувања се делат.

Со овие одредби од договорите кои Фондот ги склучил со приватните здравствени установи во примарната здравствена заштита за 2011/2012 година обезбедено е унифицирано постапување на здравствените работници во ординациите и аптеките, односно на избраните лекари и фармацевтите, во однос на пропишувањето и издавањето на лековите на рецепт од Позитивната листа за примарна здравствена заштита со утврдена референтна цена, кои се пуштени во промет согласно законските прописи во големи оригинални пакувања.

Лековите од Одлуката за утврдување на лековите чии оригинални пакувања се делат се пропишуваат и издаваат по единица фармацевтска дозажна форма. За лековите со генерика Repaglinide и Ribavirin од оваа Одлука може да се издаде едно оригинално пакување на лекот врз основа на рецептен образец пропишан за едно оригинално пакување во случај кога ги задоволува потребите на осигуреникот за 30 дена терапија.

Целосна табела за лековите чии оригинални пакувања се делат :

| Шифра | АТЦ код | Генеричко име-INN | Фармацевтска дозажна форма | Јачина | Заштитено име на лекот | Производител | Пакување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 987751 | A10BA02 | Metformin | Филм обложени таблети | 850mg | METFOGAMMA филм обл.табл. 120 x 850mg | WORWAG Pharma GmbH & Co.KG | 120 |
| 987786 | A10BA02 | Metformin | Филм обложени таблети | 1.000mg | METFOGAMMA филм обл.табл. 120 x 1000mg | WORWAG Pharma GmbH & Co.KG | 120 |
| 987875 | A10BX02 | Repaglinide | Таблети | 0,5mg | REODON табл. 90 x 0,5mg | PLIVA | 90 |
| 987883 | A10BX02 | Repaglinide | Таблети | 1mg | REODON табл. 90 x 1mg | PLIVA | 90 |
| 987905 | A10BX02 | Repaglinide | Таблети | 2mg | REODON табл. 90 x 2mg | PLIVA | 90 |
| 98973 | H02AB06 | Prednisolone | Таблети | 20 mg | DECORTIN H 20 табл. 50 x 20mg | MERCK | 50 |
| 98981 | H02AB06 | Prednisolone | Таблети | 50 mg | DECORTIN H 50 табл. 50 x 50mg | MERCK | 50 |
| 980536 | H03AA01 | Levothyroxine | Таблети | 100mcg | THYRO-4 табл. 100 x 100mcg | FARAN | 100 |
| 89133 | J01AA02 | Doxycycline | Капсули | 100mg | DOXYCYCLINE ALKALOID капс. 100 x 100mg | ALKALOID | 100 |
| 965669 | J01AA02 | Doxycycline | Капсули | 100mg | DOKSICIKLIN капс. 100 x 100mg | REPLEKFARM | 100 |
| 85456 | J01AA02 | Doxycycline | Капсули | 100mg | DOKSICIKLIN капс. 100 x 100mg | JAKA 80 | 100 |
| 976431 | J01CA04 | Amoxicillin | Капсули | 250mg | MOXILEN капс.100 x 250mg | MEDOCHEMIE | 100 |
| 976458 | J01CA04 | Amoxicillin | Капсули | 500mg | MOXILEN капс.100 x 500mg | MEDOCHEMIE | 100 |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 976903 | J01MA06 | Norfloxacin | Таблети /Филм обложени таблети | 400mg | GYRABLOCK филм обл.табл. 100 x 400mg | MEDOCHEMIE | 100 |
| 85464 | J04AB02 | Rifampicin | Капсули | 300mg | RIFAMPICIN капс. 100 x 300mg | ALKALOID | 100 |
| 83259 | N02BA01 | Acidum Acetylsalicylicum | Таблети /Филм обложени таблети | 300mg | ALBOL табл.500 x 300mg | ALKALOID | 500 |
| 31356 | N02BA01 | Acidum Acetylsalicylicum | Таблети /Филм обложени таблети | 300mg | ANDOL табл.500 x 300mg | PLIVA | 500 |
| 984264 | N02BE01 | Paracetamol | Таблети | 500mg | DIPROL tabl. 500 x 500mg | ALKALOID | 500 |
| 971146 | N02BE01 | Paracetamol | Таблети | 500mg | PARACETAMOL tabl. 500 x 500mg | REPLEKFARM | 500 |
| 965049 | N02BE01 | Paracetamol | Таблети | 500mg | DALERON tabl. 500 x 500mg | KRKA | 500 |
| 98795 | N02BE01 | Paracetamol | Таблети | 500mg | PARACETAMOL tabl. 500 x 500mg | JAKA 80 | 500 |
| 987859 | N02BE01 | Paracetamol | Таблети | 500mg | PARACETAMOL TROGE tabl. 1000 x 500mg | TROGE MEDICAL | 1000 |
| 988103 | J05AB04 | Ribavirin | Таблети | 200 mg | COPEGUS филм обл.табл. 168X200 mg. | ROCHE | 168 |
| 987484 | J05AB04 | Ribavirin | Таблети | 200 mg | REBETOL капс. 168X200 mg. | SCHERING-PLOUGH | 168 |

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

## 5 ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА – ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАЦИИ

Со Одлуката за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија бр.02-10378/14 објавена во Службен весник бр.99 Од 22.07.2011 и стапува во сила на 30.07.2011 година се вршат следните измени и дополнувања:

-кај лековите од групата на полови хормони и други лекови со дејство на генитален систем, кои се употребуваат во постапката за биомедицинско потпомогнато оплодување (БПО) и каде во индикациите е наведено „АРТ до три обиди за лекување на жена“, се додаваат зборовите „по претходно спроведена постапка за БПО на товар на ФЗОМ“;

-кај лекот Rituximab инјекции од 100mg/10ml и 500mg/50ml, од групата на моноклонални антитела, во делот на индикациите се дополнува со следната индикација „најтешка форма на ревматоиден артрит“ и

-кај лекот Imatinib филм обложени таблети 400mg, од групата на други антинеопластични лекови, во делот на индикациите се дополнува со следната индикација „гастроинтестинален стромален тумор-ГИСТ“.*

*Биолошката терапија Imatinib неодамна беше ставена како терапија на товар на ФЗОМ за лекување на лицата заболни од Хронична Миеолидна Леукемија(ХМЛ) со што се овозможи обезбедување на скапата терапија за сите пациенти од страна на Клиниката за Хематологија.

Дополнување на индикацијата на лекот Imatinib за ГИСТ е направено по барање на стручната фела т.е Клиниката за Онкологија со што би се овозможило најсовремено лекување за тешките форми на оваа болест т.е. кај случаите кои неможат да се третираат на друг начин.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

# 6 НОВИ РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ И НОВИ ЗАШТИТЕНИ ИМИЊА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Со **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија** бр.02-10378 се врши утврдување на нови референтни цени за 7 генерички имиња со фармацевтска дозажна форма и јачина, односно за 7 нови заштитени имиња на лекови и тоа за следните лекови:

| АТЦ код | Генеричко име-INN | Фармацевтска дозажна форма | Јачина | Заштитено име на лекот | Производител | Паку вање | Рефе.цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| A05AA02 | Ursodeoxycholic acid | Перорална суспензија | 250 mg/5ml | | | | |
| | | | | URSOFALK (250ml) | Dr.Falk Pharma GmBH | 1 | 1.510,00 |
| L01XX28 | Imatinib mesilat | Филм обложени таблети | 100mg | | | | |
| | | | | GLIVEC филм обл.табл. 60x100 mg | Novartis Pharma | 60 | 67.343,00 |
| L01XX28 | Imatinib mesilat | Филм обложени таблети | 400mg | | | | |
| | | | | GLIVEC филм обл.табл.. 30x400 mg | Novartis Pharma | 30 | 161.966,00 |
| J05AF05 | Lamivudine | Таблети /филм обложени таблети | 100mg | | | | |
| | | | | ZEFFIX | GSK | 28 | 3.395,00 |
| M05BA02 | Clodronic acid | Капсули | 400mg | | | | |
| | | | | BONEFOS капс. 100 x 400mg | Bayer | 100 | 7.438,00 |
| M05BA02 | Clodronic acid | Филм обложени таблети | 800mg | | | | |
| | | | | BONEFOS филм обл.табл. 60 x 400mg | Bayer | 60 | 4.593,00 |
| R03AK06 | Salmeterol, fluticasone | Прашок за инхалирање | 50mcg+100 mcg | | | | |
| | | | | SERETIDE DISKUS (60 Dozi) | GSK | 1 | 1.410,00 |

Исто така, со оваа Одлука се проширува списокот на лекови за кои е утврдена референтна цена, односно кај 10 генерички имиња со фармацевтска дозажна форма и јачина извршено е додавање на 11 нови заштитени имиња со утврдена референтна цена:

| АТЦ код | Генеричко име-INN | Фармацевтска | Јачина | Заштитено име на лекот | Производител | Паку | Рефе.цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

| | | дозажна форма | | | | вање | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| A02BC03 | Lansoprazole | Капсули | 30mg | | | | |
| | | | | LANZUL капс. 28 x 30mg | KRKA | 28 | 97,00 |
| A07AX03 | Nifuroxazide | Капсули | 100mg | | | | |
| | | | | FURAL капс.30 x 100mg | ALKALOID | 30 | 153,00 |
| A07AX03 | Nifuroxazide | Капсули | 200mg | | | | |
| | | | | FURAL капс.20 x 200mg | ALKALOID | 20 | 189,00 |
| A10BA02 | Metformin | Таблети со продолжено ослободување | 500mg | | | | |
| | | | | GLUFORMIN ER таблета со продолжено ослободување 30 x 500mg | PLIVA | 30 | 209,00 |
| C08CA01 | Amlodipine | Таблети | 5 mg | | | | |
| | | | | NORVASC табл. 30 x 5mg | PFIZER | 30 | 28,00 |
| C08CA01 | Amlodipine | Таблети | 10mg | | | | |
| | | | | NORVASC табл. 30 x 10mg | PFIZER | 30 | 39,00 |
| C10AA | SIMVASTATIN | Филм обложени таблети | 40mg | | | | |
| | | | | STATEX табл. 30 x 40mg | PLIVA | 30 | 144,00 |
| M05BA04 | Alendronic acid | Таблети | 70mg | | | | |
| | | | | VALORA табл.4 x 70mg | JADRAN | 4 | 501,00 |
| | | | | OSTEOPOR табл.4 x 70mg | GLFITOPHAСкопје, Р. Македонија место на производство BIOSPRAY S.A-Palini /Atiki, Грција | 4 | 501,00 |
| N05AH03 | Olanzapine | Филм обложени таблети | 5mg | | | | |
| | | | | OLANZAPIN филм обл.табл.28 x 5mg | ACTAVIS | 28 | 687,00 |
| N05AH03 | Olanzapine | Филм обложени таблети | 10mg | | | | |
| | | | | OLANZAPIN филм обл.табл.28 x 10mg | ACTAVIS | 28 | 1.294,00 |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

# 7 ИЗМЕНА И НАДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИТЕ ЦЕНИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

На почетокот на годината, ФЗОМ побара од здравствените установи да достават предлози за нови и измена на постојните референтни цени на здравствени услуги со цел да обезбеди можност за искажување и соодветно вреднување на сите здравствени услуги на ниво на специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита. По разгледување на доставените барања ФЗОМ предложи нов сет на измени во референтните цени на здравствени услуги кои се усвоени и објавени во **Службен весник бр. 99 на 22 јули 2011 година,** според одлуката дел стапуваат на сила на 22.07.2011 година а дел од 30.07.2011 година.

Имено, во ФЗОМ во континуитет функционираат Комисијата за референтни цени и ДСГ комисија и вршат редовни анализи за воведување на референтни цени за сите услуги кои до сега не беа соодветно вреднувани или беа евидентирани според стариот ценовник на здравствени услуги на РМ од 1992 година. Во изминатиот период кога сите услуги се фактурираа по стариот ценовник од 1992 година здравствените установи на различен начин и со различни трошоци прикажуваа ист вид на здравствени услуги. Со овој систем не постоеше унифицираност во фактурирањето на услугите, истите се фактурираа во различни износи и им се наплатуваа различни партиципации на осигурениците.

Во насока на воведување на референтни цени за сите здравствени услуги како завршени епизоди на лекување на седницата на УО на ФЗОМ одржана на 04.07.2011 година по предлог на Комисиите, беше направен голем чекор напред со усвојување на **87 нови референтни цени** за здравствени услуги од повеќе дејности, **измена на висината** на референтната цена **кај 27 здравствени услуги** и **измена на називот** на услугата **во 2 случаи**.

Предложените измени се базираат на анализата на трошоците на ангажираниот труд, материјалните трошоци и останати директни и индиректни трошоци во согласност со евиденцијата на Фондот, предлозите на установите и компаративна анализа со земјите во регионот.

Направени се измени или се донесени нови цени во следните дејности:

- **Зголемување на висината на референтната цена кај 12 ДСГ кодови во делот на интернистички услуги кои се обезбедуваат во** Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и другите болнички установи во Македонија. Сите процедури во овие ДСГ услуги се сложени процедури кои се изведуваат на терциерно здравствено ниво каде трошоците на лекување се повисоки. Исто така овие ДСГ услуги:

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

- инфекција на нервниот систем, освен вирусен менингитис, со катастрофални или тешки КК,
- инфекција на нервниот систем освен вирусен менингитис без катастрофални или тешки КК, вирусен менингитис,
- дијагноза на респираторниот систем со неинвазивна вентилација,
- инфективен ендокардитис,
- болести поврзани со ХИВ со катастрофални КК,
- септикемија со катастрофални или тешки КК,
- септикемија без катастрофални или тешки КК,
- треска од непозната причина со КК, треска од непозната причина без КК,
- вирусно заболување, возраст >59 или со КК,
- вирусно заболување, возраст <60 без КК),

се применуваат за сложени состојби кои бараат интензивен третман и нега на пациентите, консултации со специјалисти од други установи поради спецификата на болестите, голем број на здравствени услуги надвор од установата како и долготрајно лекување на самата клиника.

- Воведување на **3 нови референтни цени за третирање на акутни случаи на туберкулоза-пневмофтизиологија**. По барање на ЈЗУ Институт за ТБЦ, за дел од услугите кои се фактурираа по стариот начин на поединечно искажување на трошоците донесени се референтни цени:
  - за акутна туберкулоза со завршено лекување до 31 ден,
  - акутна туберкулоза со завршено лекување од 32 до 61 ден, како и
  - акутна туберкулоза со завршено лекување за повеќе од 62 дена.

Во референтната цена на здравствената услуга вклучени се сите трошоци (труд на медицински персонал, болнички ден, храна за пациентите, режиските трошоци, трошок за потрошен материјал и лекови како и потребните сервисни услуги).

- Утврдување на 3 нови референтни цени за **превоз на осигурано лице во странство** и една измена во називот на услугата која исто така се однесува на цената на превоз на осигурено лице во странство.

Имено, услугата со шифра ТДС03- превоз со специјално санитетско возило на осигурено лице со стручна придружба во странство над 500 км имаше идентична вредност без разлика на километражата дали се однесува на 600 или 2.000 км. По иницијатива на Итната помош при Здравствен дом Скопје, цената беше ревидирана бидејќи не ги опфаќаше реалните трошоци за услугата која секако е во зависност од километражата која санитетското возило ќе ја помине. Од таа причина, цената на услугата ТДС03 сега се однесува исклучиво за километража од 500 до 1.000 км во 2 правци, додека за поголемата остварена километража беа усвоени дополнително 3 нови цени:
  - цена во износ од 28.650 за растојание од 1.001 до 1.500км;
  - цена во износ од 39.950 денари за растојание 1.501 до 2.000км и

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

- цена 80.950 за растојанијата над 2.001 км;

- Воведување на **5 нови ререфентни цени за биохемиски анализи** кои се однесуваат на анализи на хормони и антитела:
  - Тријодтиронин (ФТ-3),
  - Паратхормон,
  - Тироидни антитела (a-TPO, a-Tg),
  - хуман тиреоглобулин (hTr) и
  - тироидни стимулирачки имуноглобулини (TSI),

  цени кои до сега не беа опфатени во Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита. Овие услуги се вршат во сите здравствени установи кои имаат дејност лабораторија како специјалистичко консултативна здравствена заштита (ЛУ2).

- Усвојување на **31 референтна цена за услуги од областа на радиологија**. Имено, до комисијата за цени беа доставени голем број на барања и укажувања за утврдување на на референтни цени за нативните рендгени како и услугите со контраст:
  - Краниограм-панорамска снимка на череп,
  - Делумна снимка на череп: синуси, орбити, долна вилица, шилер, села турцика, специјална проекција на слепоочна коска,
  - РТГ на цервикален рбет (до 2 проекции),
  - РТГ на цервикален рбет (3 или повеќе проекции),
  - РТГ на торакален или лумбален рбет (до 2 проекции),
  - РТГ на торакален или лумбален рбет (3 или повеќе проекции),
  - Панорама на цел рбет,
  - радиографија на скелет на екстремитети по сегмент: надколеница, колено, подколеница, скочен зглоб, стопало, надлактица, лакт, подлактица, рачен зглоб, шака,
  - Радиографија на скелет на рамен зглоб, клучна коска, делумна слика на карлица, сакрална коска, зглоб на колк,
  - Панорамско сликање на карлица кај возрасен и дете,
  - РТГ на градни органи,
  - Телекордис,
  - РТГ на граден кош,
  - Нативна снимка на абдомен,
  - Нативна снимка на уринарен тракт,
  - Томографија на бели дробови или коски,
  - Контрастно испитување на езофагус,
  - Контрастно испитување на желудник и дуоденум,
  - Контрастно испитување на езофагус, желудник и дуоденум,
  - Хипотонична дуоденографија со контраст,
  - ЕРЦП Ендоскопска Ретроградна Холангио Панкреатографија,
  - ХСГ Хистеросалпингографија,
  - Пасажа на тенки црева,
  - Фистулографија,
  - Интравенска холангиографија,

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

- Сијалографија,
- Микциона уретроцистографија,
- Интравенска урографија,
- Антероградна пиелографија,
- Перкутана нефростома,
- Еднократен додаток за користење на дигитална технологија.

- Воведување на **32 нови референтни цени за услугите од областа на нуклеарна медицина**. Медицинскиот факултет, институт за патофизиологија и нуклеарна медицина одамна ги нуди овие здравствени услуги:
  - Скен на цело тело со радиоизотоп,
  - Скен на мозок (Статички-Планар),
  - Скен на мозок (Динамички-СПЕКТ),
  - Миелографија,
  - Цистернографија,
  - Ликвореа,
  - Скротум,
  - Скен на тироидеа соТц-99м или со јод-131 или со фиксациона крива ,
  - Скен на плунковни жлезди,
  - Перфузионен скен на бели дробови,
  - Вентилационен скен на бели дробови,
  - Скен на срце - шант,
  - Скен на срце - вентрикулографија,
  - Скен на срце- миокардна перфузија,
  - Скен на црн дроб и слезенка,
  - Скен на билијарен тракт (ХИДА),
  - Скен на црн дроб-хемангиом - планар и СПЕКТ (се работат комбинирано планар и СПЕКТ),
  - Лимфографија, Рефлукс (везико-уретерален,ВУР),
  - Скен на бубрези-ДМС,
  - Скен на бубрези-ДТПА или МАГ-3,
  - Бубрежен клиренс со ЕДТА,
  - Скен на гастроинтестинален тракт (скен на езофагус, желудник, Мекелов дивертикулум, крварење, ентеропатија и сл.,)
  - Скен на скелет (планар),
  - Скен на скелет (СПЕКТ),
  - Одредување на крвни волумени или на полуживот на еритроцити со мерење над органи,
  - Одредување на полуживот на тромбоцити,
  - Скен на Ретикуло Ендотелен Систем (РЕС),
  - Венографија со скен на бели дробови,
  - Скен со маркирани леукоцити,
  - скен на паратироидни жлезди или скен на дојка,
  - Терапија на бенигни промени со Ј-131,
  - Терапија на малигни промени со Ј-131,

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

на здравствените осигуреници за кои ФЗОМ немаше референтна цена. Со новите цени се овозможи реален приказ на вредноста на услугите.

- Усвојување на **8 нови пакети** на здравствени услуги од областа на специјалистичко консултативната здравствена заштита за **максилофацијална хирургија** и тоа: проширен максилофацијален пакет со контролни прегледи, проширен максилофацијален пакет со земање биолошки материјал и контролни прегледи, основен пакет за згрижување на патолошки промени или повреди на лице, вилица и врат, проширен пакет за згрижување на патолошки промени или повреди на лице, вилица и врат, проширен максилофацијален пакет за невралгии, проширен максилофацијален пакет за МБДС, проширен максилофацијален пакет за луксација на мандибула и проширен максилофацијален пакет за сијалоаденит.

- Повлекување на постојните **пакети за слух, говор и глас** и усвојување на **17 пакети** за оваа дејност (измена на 15 пакети и дополнителни 2 пакети). Комисијата за утврдување на референтни цени во соработка со Заводот за слух, говор и глас, ја детектираше потребата од измена на првично усвоените специјалистички пакети за слух, говор и глас. Промените кои се опфатени се однесуваат на измена на називот на услугите, со цел нивно појасно дефинирање, намалување на цената како резултат на услугите кои се пружаат за повеќе осигуреници истовремено односно во група од 3 до 4 деца, како и зголемување на цената на пакетите кои се резултат на труд од повеќе медицински лица. Исто се воведоа нови пакети АСГМ4-Логопедски триажен пакет и АСКМ17-Пакет за 1 подесување на кохлеарен имплант после имплантација.

- Измена на постоечкиот пакет АОХМ13 од пакет за повеќе од 3 преврски во пакет од три до пет преврски и воведување на **нов пакет АОХМ14- пакет за повеќе од шест преврски.** Потребата за измена се јавува како резултат на амбулантската пракса, кога пациент во рок од 30 дена од издавањето на упатот има потреба од поголем број на преврски од страна на медицинско лице.

- Воведување на **дополнителни два алерголошки пакети на здравствени услуги кои се однесуваат за РИДА тестот**. До сега во пакетите имаше само еден пакет ААП8 - Алерголошки пакет за РИДА тест кој не го опфаќаше трошокот за повеќе китови. Од таа причина се усвоија референтни цена за два нови пакети ААП10 - Проширен алерголошки пакет за Рида тест (до 3 кита) и ААП11- Проширен алерголошки пакет за Рида тест (над 3 кита).

Комисиите за утврдување на референтни цени интензивно работат на разгледување на сите доставени предлози давајќи им приоритет на здравствените услуги кои се уште не се дефинирани и се евидентираат по стариот начин. За релативно краток временски период, се очекува процесот на утврдување на референтни цени за сите здравствени услуги да биде целосно заокружен така што Комисијата ќе може да се посвети на ревидирање на постојните цени без разлика дали се однесуваат на услуги од секундарно или терциерно ниво. Утврдување на реални

референтни цени на здравствени услуги претставува основ за подобрување на квалитетот на услугите кои ги добиваат нашите осигуреници што води кон подобар здравствен систем во Р. Македонија.

**Измените Објавени во Службен весник бр.99 од 22 јули 2011 година и се објавени на веб страната на Фондот www.fzo.org.mk во делот законска регулатива-одлуки како и во делот ценовник на здравствени услуги на почетната страна на фондот. Содржината на сите пакети за специјалистичко консултативната здравствена заштита е објавена во делот – специјалистички пакети- пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко консултативна здравствена заштита со референтни цени.**